Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 46, 15 септември 2010 година

септември 2010 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**


РЕФЕРАТ за избор на двајца соработници (во звање асистент) за наставно-научната област рударство на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

РЕФЕРАТ за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната област применета кинезиологија на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 14

РЕФЕРАТ за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област психологија на образование и воспитување на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 26

РЕФЕРАТ за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област образование на наставници на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 32

РЕФЕРАТ за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор во наставно научната област лозарство, сензорна и аналитичка евалуација на виното на Земјоделскиот факутет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 39

РЕФЕРАТ за избор на асистент за научната област хемија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 46

РЕФЕРАТ за избор на еден помлад асистент/асистент за наставно-научната област фитопатологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 51

РЕФЕРАТ за избор на наставници во насловно звање – доцент/вонреден професор за наставно научна област информатика на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 58

РЕФЕРАТ за избор на наставници во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно научната област електротехника на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 63

РЕФЕРАТ за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научно подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 70

РЕФЕРАТ за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје клинички медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 86

РЕЦЕНЗИИЈА на докторската дисертација со наслов „Металогенија на полиметалниот рудоносен систем буковик-кадиица“ од кандидатот м-р Горан Тасев , Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 109

ПРЕГЛЕД на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 113



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВНИЦИ НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Согласно со Законот за високото образование на РМ („Сл. весник на РМ“ бр. 64/2000), како и указот за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование, од 1.8.2008 година, за избор во наставно-стручни и соработнички звања, Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип („Универзитетски гласник“ број 10, од јули 2009 г.) и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет, на седницата одржана на 2.7.2010 година, со Одлука бр. 2102-54/8, избра Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Владо Петровски, професор на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (претседател),
2. проф. д-р Кирил Цацков, професор на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (член),
3. проф. д-р Снежана Мирасчиева, професор на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (член)

за избор на соработник во соработничко звање *помлад асистент* за наставно-научната област ***образование на наставници*** на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Во врска со објавениот Конкурс во весникот „Дневник“, на 22.6.2010 година, за избор на соработник во соработничко звање *помлад асистент* за наставно-научната област *образование на наставници* на Педагошкиот факултет се пријави кандидатката Даниела Јакимова, помлад асистент на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Даниела Јакимова** е родена на 30 март 1984 год. во Штип. Основно образование, со одличен успех, завршува во ОУ „Тошо Арсов” во Штип. Средното образование го продолжува во гимназијата „Славчо Стојменски” (општата или т.н. јазична насока). Во 2002 година се запишува на Педагошкиот факултет (Штип) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” - Скопје. Студиите ги завршува во предвиденото време со просек 9,5. Прогласена е за најдобар студент на генерацијата, при што е пофалена и наградена од деканот на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев” во Штип, ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, како и од премиерот на Владата на Република Македонија**.** Со завршувањето на Педагошкиот факултет се стекна со звање **дипломиран професор по одделенска настава.**

Веднаш по завршувањето на факултетот, во 2006 година се вработува како одделенски наставник во ОУ „Страшо Пинџур” во Карбинци**.** Во период од една година учествува во повеќе проекти што се однесуваат на *модернизација на образованието*, организирани од Министерството за образование и наука преку Здружението на педагози и психолози – Велес и Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор” и тоа на следиве програми:

1. „***Работа со деца според индивидуални возрасни карактеристики***”, чија содржина опфаќаше стекнување знаења и вештини и развивање стратегии за ефективно планирање и реализирање на наставата.
2. „***Комуникациски вештини и тимска работа***”, чија содржина опфаќаше формирање, развивање и функционирање на групите и тимовите, екипирање на тимовите, комуникациски вештини, развивање на тимска работа, типологија на тимовите, улогата на водството во развојот на тимовите и тимската работа.
3. ***„Англиски јазик за наставници - вратата кон нови знаења”,*** со содржина лични податоци, семејство и пријатели, нашиот свет, каде живеам.

Исто така, беше вклучена и во пограничниот проектот на Општината Карбинци и Општината Симитли од Р. Бугарија *„Граници не ни треба – интегриран пристап на здравјето на младите”* кој се однесуваше на младите и нивното здравје и опфати размена на ученици од двете основни училишта во Општина Карбинци и Општина Симитли, со петдневена обука на учениците од ОУ „Страшо Пинџур” во Р. Бугарија.

Во 2007 година, како редовен студент, се запишува на постдипломските студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” при Институтот за социологија на Филозофскиот факултет во Скопје. Испитите ги положува со средна оценка 9,6. Истата година, Наставно-научниот совет на Педагошки факултет на 3-тата редовна седница, одржана на 13.11.2007 година, донесе Одлука за избор на Даниела Јакимова за соработник во звањето помлад асистент по група предмети (одделенска настава и предучилишно воспитување) на Педагошки факултет во Штип.

Во текот на 2007 година преку Педагошкиот факултет беше вклучена во тридневниот семинар кој беше дел од проектот на УСАИД „Креативна настава и учење” – *Училишните стандарди за оценување во основното образование*: Импликации во иницијалната подготовка за наставниците во РМ.

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, на седницата одржана на 4.7.2008 година, донесе Одлука за формирање на Конкурсна комисија за запишување на нови студенти на Педагошки факултет за чиј член беше избрана и кандидатката Даниела Јакимова.

Со Решение од ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, од 3.1.2008 год. е ангажирана за настава по предметите:

- **Училишна педагогија** на Одделот за одделенска настава, Педагошки факултет;
- **Педагошка практика** на Одделот за одделенска настава, Педагошки факултет
- **Педагогија на слободно време** (изборен предмет) на Одделот за одделенска настава, Педагошки факултет.

Со Решение од ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, од 15.9.2009 год. е ангажирана за настава по следниве предмети - наставни дисциплини:

- **Социологија на образованието** на Педагошки факултет;
- **Општествено уредување со просветно законодавство** на Педагошки факултет;
- **Мултикултурно образование** (изборен предмет);
- **Културологија** (изборен предмет).

Со Решението од 20.2.2010 г. и на **Македонски јазик со култура на изразување** на Педагошки факултет.

Во 2009 година, по предлог на Советот на постдипломски студии на Институтот за социологија, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата трета редовна седница, одржана на 4.11.2009 година, донесе Одлука за одобрување на тема и определување на ментор за магистерски труд со наслов *„Разлики во образовните постигнувања по етничка основа кај учениците во основните училишта во општините Штип, Кочани и Радовиш”* пријавена од Даниела Јакимова на Институтот за социологија.

***Стручна и наставно-научна активност***

**Учество на семинари**

- Декември 2007 година, Скопје „Креативна настава и учење" – *Училишните стандарди за оценување во основното образование*: Импликации во иницијалната подготовка за наставниците во РМ во организација на УСАИД.

**Учество на симпозиуми, конгреси и конференции**

1. Vlado Petrovski**,** Snezana Mirasčieva, **Daniela Jakimova**, **(2008),** „*The multiethnic and the reflections of the education in the Republic of Macedonia*", Scientific Conference "Intercultural dialogue and integration", Blagoevgrad 12-13 May.
2. Владо Петровски, **Даниела Јакимова (2008)**, „*Религиско или религиозно образование – дилеми и потреби*", Основното и предучилишно образование и воспитание – предизвик на 21 век, Меѓународна научно-практична конференција, Штип.
3. **Daniela Jakimova, (2009),** "*Differences in educational achievements of pupils belonging to different ethnicities in R.Macedonia",* World Conference on Educational Sciences (WCES-2010), Bahcesehir University, Istanbul, Turkey, 4-8 February 2010 - Innovation and Creativity in Education.
4. **Daniela Jakimova,** Vlado Petrovski**, (2010), "***Theoretical assumptions of using ICT in education",* 13- th Internacional conference "ICT in the education of the Balkan countries" Varna 17-19 June.
5. **Даниела Јакимова**, Татјана Уланска, (2010), „*Образованието и јазичното прашање како дел од мултикултуралноста"* Петти меѓународен научен собир на тема: **„ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ХУМАНО ОПШТЕСТВО"**, Охрид, 28 и 29 мај 2010 година.

**Работа на проекти**

1. 2007 февруари „**Проект за модернизација на образованието**", Комуникациски вештини и тимска работа (учесник).
2. 2007 јуни „**Проект за модернизација на образованието**", Англиски јазик за наставници (учесник).
3. 2007 јуни „**Проект за модернизација на образованието**", Работа со деца според индивидуални возрасни карактеристики (учесник)
4. 2007, пограничен проект на Општина Карбинци и Општина Симитли од Р. Бугарија ***„Граници не ни треба – Интегриран пристап на здравјето на младите".***
5. 2007, **„Креативна настава и учење" –** ***Училишните стандарди за оценување во основното образование*****: Импликации во иницијалната подготовка за наставниците во РМ, USAID** (учесник).

**Објавени трудови**

Список на научни и стручни трудови:

1. Vlado Petrovski**,** Snezana Mirasčieva, **Daniela Jakimova**, **(2008),** „*The multiethnic and the reflections of the education in the Republic of Macedonia*", Scientific Conference "Intercultural dialogue and integration", Blagoevgrad 12-13 May.

Во трудот станува збор за мултиетничноста и рефлексиите врз образованието во Република Македонија.

2. Владо Петровски, **Даниела Јакимова (2008)**, „*Религиско или религиозно образование – дилеми и потреби*", Основното и предучилишно образование и воспитание – предизвик на 21 век, Меѓународна научно-практична конференција, Штип (во печат).

Во овој труд се анализира потребата и дилемата за воведување на религиозното образование во основните училишта во Република Македонија, кои се придобивките и можните последици од истото.

3. **Daniela Jakimova, (2009), "***Differences in educational achievements of pupils belonging to different ethnicities in R.Macedonia",* World Conference on Educational Sciences (WCES-2010), Bahcesehir University, Istanbul, Turkey, 4-8 February 2010 - Innovation and Creativity in Education.

Трудот укажува на разликите во образовните постигнувања кај учениците од различна национална припадност во Република Македонија, како резултат на бројни фактори кои ги условуваат истите.

4. Vlado Petrovski, Snezana Mirasčieva, **Daniela Jakimova, (2009), „***Socialization and E-learning",* International Conference on informatics, educational technology and new media in education, Sombor 28-29 March.

Во трудот се говори за значењето на е-учењето и неговата функција во социјализацијата на личноста.

5. Vlado Petrovski**,** Snezana Mirasčieva, **Daniela Jakimova**, **(2009),** *„Ethnical nationality in Macedonia and the educational language of the members of ethnical communities",* 12th International Conference on Inclusive Education in the Balkan Countries: Policy and Practice, Ohrid, 25-27 June (poster presentation).

Трудот говори за функционалната поврзаност меѓу етничката националност и јазикот на образованието на членовите на етничките заедници во Република Македонија.

6. **Daniela Jakimova, (2010), "***Theoretical assumptions of using ICT in education",* 13- th Internacional conference "ICT in the education of the Balkan countries" Varna 17-19 June (во печат).

Трудот укажува на развојот на информатичката индустрија, а особено на компјутерската технологија, која во голема мера го актуализира прашањето за промоција на информатичката писменост како една од клучните компетенции со кои треба да располагаат младите и возрасните.

7. **Даниела Јакимова**, **(2009)**, *„Етничкиот конфликт како општествен феномен - причини и анатомија на конфликтот"* - Списание за теорија и практика „Воспитание", Штип: Педагошки факултет (во печат).

Во трудот се дава осврт на тоа што преставува етнички конфликт, кои се причините за негова појава и низ кои се фази поминува.

8. **Даниела Јакимова**, Татјана Уланска, **(2010),** *„Образованието и јазичното прашање како дел од мултикултуралноста"* Петти меѓународен научен собир на тема: **„ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ХУМАНО ОПШТЕСТВО"**, Охрид, 28 и 29 мај 2010 година (во печат).

Овој труд прави анализа на промените што настанаа во Македонија, а со тоа и промени на јазичната ситуација со што РМ го напушти моделот на нација - држава и се сообрази со современите процеси во светот, кои ја дефинираат како мултиетничка и мултикултурна, па оттука и како повеќејазична.

9. Владо Петровски, Снежана Мирасчиева, **Даниела Јакимова**, **(2010),** *„Мултикултуралноста - етничка дистанца во училиштата на Република Македонија"* Петти меѓународен научен собир на тема: **„ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ХУМАНО ОПШТЕСТВО"**, Охрид, 28 и 29 мај 2010 година (во печат).

Во овој труд се да дава една анализа за етничката дистанца во училиштата на РМ. Етничката дистанца се анализира врз основа на еден блок на проучувања кои пред се се однесуваат на фактот дали припадниците на етничките заедници во државата треба да учат во етнички чисти училишта или пак во етнички мешани училишта.

10. Владо Петровски, Снежана Мирасчиева, **Даниела Јакимова**, **(2010),** "*Толеранцијата во мултикултуралните општества – социјална дистанца"* Петти меѓународен научен собир на тема: **„ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ХУМАНО ОПШТЕСТВО"**, Охрид, 28 и 29 мај 2010 година (во печат).

Во овој труд се зборува за толеранцијата во мултикултурните општества утврдена преку социјалната дистанца која во суштина го објаснува неприфаќањето на одредени видови односи со други етнички заедници.

**Табела**
за вреднување на активностите на помлад асистент **Даниела Јакимова**, според критериумите дадени со Правилникот за избор на наставници, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип

| **Вид на активност** | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) (8+8+3+5)x0.2= | 24 | 0,2 | 4.8 |
| | | | **4.8** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Научно-истражувачка дејност и стручно уметнички активности (НИ)** | | | |
| Учесник во научен проект | 2/1 | 2/3 | 4+3 |
| | | | **7** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (САОР)** | | | |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 6/4 | 1/2 | 14 |
| Учество на научен собир со реферат (постер/усно) | 2<br>3 | 1/1,5<br>1,5/2 | 3<br>6 |
| | | | **23** |

| | |
|---|---|
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | **34.8** |

Во врска со објавениот конкурс во весникот „Дневник“ од 22. 06. 2010 година за избор на соработник во соработничко звање – помлад асистент за наставно – научната област Образование на наставници на Педагошкиот факултет се пријави **Виолетка Симоновска.**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Виолетка Симоновска** е родена на 16 март 1982 год. во Берово. Дипломира на Педагошки факултет „Гоце Делчев“ во Штип. Постдипломски студии завршува во 2010 година на Филозофски факултет, Институт по педагогија, со што се стекнува со диплома **магистер по педагошки науки**. Има познавања од англиски јазик и компјутери: Microsoft Office (Word, Excel, Power Point ), Internet, Corel Draw и др.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Елена Иванова** е родена на 1 февруари 1984 год. во Кочани. Дипломира на Педагошки факултет „Гоце Делчев“ - Штип. Постдипломски студии завршува во 2010 година на Филозофски факултет, Институт по педагогија, насока Теорија на воспитанието, со што се стекнува со диплома **магистер по педагошки науки**. Има познавања од англиски јазик, основно познавање на француски јазик и компјутери: Microsoft Office (Word, Excel, Power Point), Internet, Windows XP и др.

*Биографски податоци*

Кандидатката **Наташа Басарова** е родена на 30 јули 1979 год. во Велес. Дипломира на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет во Скопје. Завршувљ постдипломски студии по менаџмент во образованието (на Институтот за педагогија) и има тримесечно искуство како професор по граѓанско образование. Кандидатката завршува обука за користење компјутери во рамки на проектот *Македонија земја на информатичари*. Исто така, приложена е и диплома за водење книговодство, како и сертификат за основни познавања од англискиот јазик.

*Биографски податоци*

Кандидатот **Трајче Минов** е роден на 10 декември 1981 година во Струмица. Во септември 2009 година дипломира на Институтот за дефектологија, на Филозофскиот факултет во Скопје. Како *дипломиран дефектолог* во изминатиот период работи како заменик-координатор на проект реализиран од ЦПЛИП ПОРАКА (1.9.2007-1.3.2008) во Струмица, и на проект финансиран од УНИЦЕФ, во Специјалниот завод Демир Капија (15.7.2005-30.4.2006). Кандидатот има знаења од англиски јазик и од компјутери. Работа на проекти: ЦПЛИП ПОРАКА и УНИЦЕФ, во Специјалниот завод Демир Капија.

*Биографски податоци*

Кандидатката **Билјана (Максимовска) Панова** е родена на 21 мај 1979 год. во Штип. Во 2001 дипломира на Педагошки факултет „Гоце Делчев“ - Штип на Одделот за одделенска настава. Во 2008 година магистрира на Институтот за педагогија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје на отсек Педагогија, Дидактичко методска насока. Има познавања од англиски јазик и компјутери: Microsoft Office Internet, Windows.

*Биографски податоци*

Кандидатот **Бобан Митев** е роден на 30 октомври 1984 год. во Штип. Во 2007 дипломира на Педагошки факултет „Гоце Делчев“ - Штип на Одделот за одделенска настава. Истата година се запишува на постдипломски студии на Институтот за педагогија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје на отсек Педагогија. Ги положува предвидените испити и во процедура е одбраната на магистерски труд. Има познавања од англиски јазик и компјутери: Microsoft Office Internet, Windows.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата е на мислење дека кандидатите: **Виолетка Симоновска, Елена Иванова, Наташа Басарова, Трајче Минов, Билјана (Максимовска) Панова и Бобан Митев** се соодветни, меѓутоа цени дека врз основа на приложената работна биографија, искуството во наставната и научно истражувачката работа, стекнати за време на нејзиното работење како помлад асистент на Педагошкиот факултет и како наставник во основно училиште, како и на планот на стручното педагошко усовршување, совесното и одговорно исполнување на работните обврски и способноста за активно работење и креативност, Комисијата заклучи дека има чест да рецензира млад и надежен научен работник, со надеж дека ќе се развива во успешен наставник и со задоволство му препорачува на Наставно - научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, кандидатката **Даниела Јакимова** да биде избрана во звањето **помлад асистент за наставно- научната област** ***образование на наставници*.**

**Рецензентска комисија**

**Д-р Владо Петровски, претседател, вонреден професор, с.р.**

**Д-р Кирил Цацков, член, вонреден професор, с.р.**

**Д-р Снежана Мирасчиева , член, вонреден професор, с.р.**